**ПРИВАТНА ВИСОКООБРАЗОВНА УСТАНОВА САМОСТОЈНА ВИСОКАСТРУЧНА ШКОЛА**
**БРЕИНСТЕР НЕКСТ СКОПЈЕ**

**ПРИВАТНА ВИСОКООБРАЗОВНА УСТАНОВА САМОСТОЈНА ВИСОКАСТРУЧНА ШКОЛА**
**БРЕИНСТЕР НЕКСТ СКОПЈЕ**
**ISSN 2955-1919**

# Б И Л Т Е Н БР.8

**ПРИВАТНА ВИСОКООБРАЗОВНА УСТАНОВА САМОСТОЈНА ВИСОКАСТРУЧНА ШКОЛА**
**БРЕИНСТЕР НЕКСТ СКОПЈЕ**

**СКОПЈЕ, 10 Март 2025 ГОДИНА**

**Издавач:**
**Приватна високообразовна установа самостојна високастручна школа**
**БРЕИНСТЕР НЕКСТ СКОПЈЕ**

**Главен и одговорен уредник:**
**М-р Александар Клашниновски**

**Печати:**
**Приватна високообразовна установа самостојна високастручна школа**
**БРЕИНСТЕР НЕКСТ СКОПЈЕ**

**Тираж: 14 примероци**

# Содржина

**Стр. 4 Реферат за избор на наставник во наставно-научна област компјутерски науки 1.02.00.01 и информациски науки 1.02.00.02 на самостојната висока стручна школа Бреинстер Некст Скопје**

# РЕФЕРАТ

## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНИ ЗВАЊА ВО НАСТАВНО-НАУЧНА ОБЛАСТ КОМПЈУТЕРСКИ НАУКИ 1.02.00.01 И ИНФОРМАЦИСКИ НАУКИ 1.02.00.02 НА САМОСТОЈНАТА ВИСОКА СТРУЧНА ШКОЛА БРЕИНСТЕР НЕКСТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Наставничкиот Совет на Самостојната висока стручна школа Бреинстер Некст, објавен во весникот Слободен печат од 26.02.2025 година, за избор на наставник во сите наставни звања по група предмети од наставно-научното подрачје Природно математички науки (1), наставното поле Компјутерски и информациски науки (1.02), наставно-научната област Компјутерски науки (1.02.00.01) и информациски науки (1.02.00.02), и врз основа на Одлуката на Наставничкиот совет бр. 08-138/4 донесена на 06.03.2025, формирана е Рецензентска комисија во состав:

- м-р Ивица Пешовски, предавач, претседател
- м-р Тамара Јовановска, предавач, член
- м-р Благоја Чавкоски, предавач, член

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

**ИЗВЕШТАЈ**

На објавениот конкурс за избор на наставник во сите наставни звања по група предмети од наставно-научното подрачје Природно математички науки (1), наставното поле Компјутерски и информациски науки (1.02), наставно-научната област Компјутерски науки (1.02.00.01) и информациски науки (1.02.00.02), во предвидениот рок се пријави д-р Кујтим Рахмани.

### 1. Биографски податоци и образование

Кандидатот д-р. Кујтим Рахмани е роден на 20.05.1989 година во Гњилане, Косово. Средното образование го завршил во Куманово, во СОУ „Гоце Делчев“. Со високо образование се стекнал на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство (ФИНКИ) при Универзитетот Св. Кирил и Методиј во Скопје. Дипломирал на 27.09.2012 година со просечен успех 9.85. Кандидатот активно се служи со албански, англиски, македонски и германски јазик.

Во учебната 2012/2013 година се запишал на втор циклус (магистерски) студии на Техничкиот Универзитет во Минхен, на Факултетот за Информатика. Студиите ги завршил на 12.12.2014 година со просечен успех 9.47 (124 ЕКТС

кредити). Магистерскиот труд на тема „Coreference Resolution in Biomedical Full Text“ го одбранил на 27.11.2014 година.

Кандидатот д-р Кујтим Рахмани се запишал на докторски студии на Универзитетот на Бундесвер во Минхен (Universität der Bundeswehr München), на Факултетот за Информатика во Нојбиберг, Германија во март 2016 година. Докторскиот труд на тема „Facade Interpretation from Images“ го одбранил на 29.06.2020 година, стекнувајќи се со титулата Доктор на Природни Науки (Dr. rer. nat) со оценка *magna cum laude* и просек 1.3 (еквивалентен на 9.6 според македонскиот систем).

Кандидатот д-р Кујтим Рахмани во текот на своето студирање има активно учество на интернационални конференции и проекти, каде што спроведува истражувачка дејност, научна дејност и публикува научни трудови.

## 2. Наставна и високостручна работа, педагошки и други остварувања на кандидатот

### Наставно-образовна дејност

Во периодот од Септември 2011 до септември 2012 година др. Кујтим Рахмани работел како демонстратор на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство (ФИНКИ) при Универзитетот Св. Кирил и Методиј во Скопје, на предметите: Калкулус 1, Калкулус 2 и Калкулус 3, Компјутерски апликации и Дискретна математика 2.

Во периодот од јуни 2015 година до Октомври 2018 година д-р Кујтим Рахмани е ангажиран како истражувачки асистент на Универзитетот Бундесвер во Германија на институтот за применета компјутерска наука во подрачјето на развој на бројни алгоритми.

Во изминатите 10 години, кандидатот во неколку наврати е ангажиран како консултант за науки и истражувач - научник на неколку институти во Германија каде бил вклучен во развој на бројни алгоритми, истражувања и анализи.

Од јануари 2024 година, д-р Кујтим Рахмани е сертифициран Microsoft и CertNexus тренер во областите Data Science и Artificial Intelligence во Семос Едукација.

### Научноистражувачка дејност

Др. Кујтим Рахмани има објавено повеќе научни трудови и 1 поглавје во едитирана книга во областа на вештачката интелигенција, компјутерската визија и оптимизацијата, меѓу кои:

[1] Kujtim Rahmani (Chapter, Edited book) – *Using Semantic Segmentation for 3D Reconstruction and Vice-versa*, November 2024, Universität der Bundeswehr München, Neubiberg, Germany.

[2] Kujtim Rahmani and Helmut Mayer – *A Hybrid Method for Windows Detection on High Resolution Facade Images*, 24-26 March 2022, ISPRS 2022, Hammamet, Tunisia.

[3] Kujtim Rahmani and Helmut Mayer – *High-Quality Facade Segmentation Based on Structured Random Forest, Region Proposal Network and Rectangular Fitting*, 3-7 June 2019, Riva del Garda, Italy.

[4] Kujtim Rahmani, Hai Huang, and Helmut Mayer – *Facade Segmentation with a Structured Random Forest*, 6–9 June 2017, Hannover, Germany.

[5] Sasko Ristov, Marjan Gushev, Selvir Osmanovic, and Kujtim Rahmani – *Optimal Resource Scaling for HPC in Windows Azure*, ICT Innovation, 12–15 September 2012, Ohrid, Macedonia.

## **Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес**

Др. Кујтим Рахмани е активно вклучен во развој на апликации за стартапи. Бил развивач на AI решенија за повеќе компании, каде што исто така водел тимови од инженери од различни ИТ области.
Во својата долгогошишна работна практика кандидатот работел и на решенија поврзани со вештачка интелигенција за истакнати германски компании како “Heraeus Group” и “Merck Group”.

Кандидатот д-р Кујтим Рахмани бил активно вклучен во меѓународни проекти и
истражувачки центри на академско ниво и индустриско ниво од обласна на неговата експертиза, каде континуирано ја надоградувал.

За време на неговите студии и работа како асистент, консултант за наука и истражувач - научник, кандидатот активно бил вклучен во изработка и подобрување на наставни програми.

За време на неговите докторски студии, кандидатот активно е вклучен во научно истражувачка и наставна дејност, каде продолжува со надоградување на неговите истражувачки и менторски експертизи.

Др. Кујтим Рахмани живеел 10 години во Германија, каде што работел за Airbus како Data Science Scientist. Тој бил дел од научно-истражувачкиот тим на Airbus CTO, фокусиран на детекција на дефекти во 3D-печатени делови на авиони, а бил дел и од проект за „Change Detection“ со помош на радиофреквенции.

Покрај тоа, кандидатот работел и како Data Science консултант во Cluster Reply, каде што бил вклучен во недеструктивно тестирање на воздушни перничиња (airbags) за Volkswagen и во проектот „Automotive Cloud“ – заеднички AI и инфраструктурен проект на Volkswagen и Microsoft.

Во моментов, др. Кујтим Рахмани има консултантски договор со американската компанија Pano AI за развој на алгоритми во вештачка интелигенција за рано детектирање на пожар и чад.

**<u>Оценка од самоевалуација</u>**

За неговата наставна дејност, кандидатот д-р Кујтим Рахмани добил позитивен осврт од страна на студентите за време на неговата работа како демонстратор на ФИНКИ.

## Заклучок и предлог

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатот, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научно-истражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на д-р Кујтим Рахмани.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатот, Комисијата заклучи дека д-р Кујтим Рахмани поседува научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование, ги исполнува сите услови да биде избран во наставно звање предавач по група предмети од наставно-научното подрачје Природно математички науки (1), наставното поле Компјутерски и информациски науки (1.02), наставно-научната област Компјутерски науки (1.02.00.01) и информациски науки (1.02.00.02).

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставничкиот совет на Самостојната висока стручна школа Бреинстер Некст во Скопје, д-р Кујтим Рахмани да биде избран во наставното звање предавач по група предмети од наставно-научното подрачје Природно математички науки (1), наставното поле Компјутерски и информациски науки (1.02), наставно-научната област Компјутерски науки (1.02.00.01) и информациски науки (1.02.00.02).

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

1. м-р Ивица Пешовски, предавач, претседател с.р
2. м-р Тамара Јовановска, предавач, член с.р
3. м-р Благоја Чавкоски, предавач, член с.р